ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

01 2022 05 01/2

Скопје, мај 2023 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 10 |
| Финансиски извештаи за 2021 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14 |
| - Сметководствени политики | 14 - 16 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 16 –22 |

Прилог 1 – Забелешки кон Конечен извештај
Прилог 2 – Одговор на забелешки на Конечен извештај

Кратенки користени во извештајот:

Агенција– Агенција за филм на Република Северна Македонија;
ЗФД – Закон за филмската дејност;
ДМФ –Долгометражен филм;
ДОК – Документарен филм ;
УО –Управен одбор;

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23 - 420/8
Дата: 08.05.2023

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на сметката на приходи остварени од самофинансирачки активности (787) за 2021 година.

Со извршената ревизија изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2017 година, при што изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2021 година констатирани се следните состојби:

- при објавувањето на конкурси за филмски проекти и други филмски проекти Агенцијата не се придржува на задолжителните услови и критериуми од ЗФД, ниту пак има донесено интерен акт-процедура со утврдени активности и чекори кои се преземаат при спроведување на постапката по конкурсот;
- невоспоставени контроли во исполнувањето на условите од страна на продуцентските куќи пред склучување на договорите и во сите фази од реализацијата на договорите;
- неажурна евиденција на доделените проектите во сите фази на реализација и не преземени мерки за раскинување на доделените договори кај проекти кај кои

е утврдено непочитување на одредбите од договорите;

- во склучените договори со продуцентските куќи утврдивме одредени слабости во поглед на:
    - следење на важноста на банкарските гаранции,
    - не придржувањето до динамиката на реализација на филмскиот проект,
    - доделување на дополнителни средства за финансирање на проект,
    - ненавремено склучување анекси на договори,
    - необезбедување на доказ за обезбедени средтва при промена на копродукциски куќи,
    - утврдени разлики помеѓу финансискиот план и приложената документција ;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти;
- погрешно проценување на билансните позиции и прикажување на краткорочни финансиски обврски за финансирање на филмски проекти во поголем износ од 7.365 илјади денари;
- невоспоставени контролни механизми и усогласувања за потврдување на целосноста на издадените решенија и следење на нивната наплата и непреземени активности за обезбедување на информации од продуцентите за вкупно остварени приходи од дистрибуција, експлоатација и продажба на филмот во РСМ и во странство;
- склучен е договор за финансирање на работењето на Друштвото и извршени исплати од страна на Агенцијата кои не се предвидени со ЗФД;
- поради недостатоци во приложената документација од страна на продуцентските куќи предвидена со договорите за финансирање на проекти во филмската дејност и распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени со финансискиот план утврдено е ненаменско користење на средствата.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи за надминување на утврдените состојби во наредниот период.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на приходи остварени од самофинансирачки активности (787), истите се разгледани и е констатирано дека е доставена една забелешка на дадената препорака која не се прифаќа, поради не доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори дадената препорака.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2017 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија застапувано од:

- Бојан Лазаревски, вд директор на Агенцијата од 15.12.2020 до 14.02.2021 година
- Бојан Лазаревски, директор на Агенцијата од 15.02.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.11.2022 година до 25.01.2023 година кај Агенцијата за филм на Република Северна Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 25.01.2023 година.

На ден 04.04.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр. број 03-173/9 од 04.04.2023 година од раководното лице Бојан Лазаревски директор на Агенција за филм на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-420/5 од 04.04.2023 година, како и поднесок за доставена дополнителна документација како дополна на забелешите доставени 13.04.2023 година број 03-173/10 од 13.04.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-420/6.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека е доставена една забелешка на дадената препорака на точката 3.2.3. која не се прифаќа поради не доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори дадената препорака.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Неправилностите искажани од поглавјето Усогласеност со закони и прописи од точка 4.2.4. до точка 4.2.12. во делот на Финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност од Нацрт извештајот за сметка на основен буџет (603) се однесуваат и за сметката од самофинансирачки активности.

## 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. Констатацијата наведена во точка 4.3.1. од извештајот на Агенцијата за филм на РСМ – сметка на основен буџет (603), а која се однесува на нецелосно извршен попис на средствата, побарувањата и обврските, се однесува и за оваа сметка.

3.2.2.Констатацијата наведена во точка 4.3.2. од извештајот на Агенцијата за филм на РСМ – сметка на основен буџет (603), а која се однесува на начинот на евидентирање на обврските по потпишување на преддоговор за финансирање на филмски проекти, се однесува и за оваа сметка, при што обврските се прикажани во поголем износ за 7.365 илјади денари.

3.2.3.Во известувачкиот период на сметката неданочни приходи искажани се средства во вкупен износ од 44.041 илјади денари на име приходи од финансирање на филмски проекти, надоместоци од правни лица кои реемитуваат програмски сервис, пристап до интернет, киноприкажување, дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови, остварени согласно член 11 од ЗФД.

Основите за **определување на надоместоците** се утврдени со член 12 од ЗФД со кој правните лица имаат обврска за плаќање на надоместоците и до Агенцијата да достават податоци за остварени приходи од вршењето на дејностите. Агенцијата по добиени податоци од правното лице еднаш годишно во март во тековната година за претходната година им издава решение за утврдување на висината на надоместоците. Доколку правните лица не ги достават податоците, висината на надоместокот ја утврдува Агенцијата врз основа на податоци добиени од Централниот регистар за вкупниот годишен приход, остварен во претходната година, за што им издава решение. Правните лица во рок од 30 дена од добивањето на решението, ги уплаќаат надоместоците на сметка на Агенцијата и доставуваат доказ до Агенцијата за извршената уплата.

Со преземените ревизорски постапки за потврдување на комплетноста на приходите по овој основ, ревизијата ги утврди следните состојби:

- издадените решенија за утврдување на надоместоците се изготвени врз основа на евиденција/база на правни лица која не е ажурирана, односно не се обезбедени податоци од Централен регистар за вкупниот годишен приход на правните лица од вршењето на дејностите како што е предвидено со член 13 од ЗФД;
- не се воспоставени контролни механизми и повремени усогласувања помеѓу службата која ги издава решенија и сметководствената евиденција, дали

истите се целосно евидентирани во деловните книги како и следење на наплатата на надоместоците;
- издадените решенија на правните лица кои вршат повеќе дејности како реемитувач на програмски сервис и пристап до интернет се издаваат во вкупен износ без да се разграничи износот по основ на остварен приход, што влијае на евиденцијата на побарувањата и следење на уплатите;
- за остварениот приход во висина од 732 илјади денари по основ на уплата за конкурс за финансирање на проекти на ревизијата не и беше презентиран акт усвоен од страна на органот на управување во кој е дефинирана цената на таа услуга.

Невоспоставените контроли и усогласувања за потврдување на целосноста на издадените решенија и следење на уплатите не е во согласност член 7 и член 17 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој е уредено сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи да бидат целосни, навремени и ажурирани и предизвикуваат несигурност во комплетноста на остварените приходи на Агенцијата како и следење на наплатата на надоместоците и искажаните побарувања по овој основ.

Согласно член 31 од ЗФД Агенцијата има **право на дел од нето добивката** на филмскиот продуцент, остварена од користењето на филмот и тоа во процент кој е во висина од 50% од учеството на Агенцијата во финансирањето на филмот. Учеството на Агенцијата во добивката од филмот се утврдува со договорот за финансирање на филмскиот проект.

Со ревизијата на остварените приходи по овој основ го утврдивме следното:
- во деловните книги евидентиран е приход во износ од 948 илјади денари од страна на два продуцента по основ на уплата 50% од нето добивката остварена од користење на филмот;
- останатите продуценти чии филмови се завршени и е одржана премиера до Агенцијата доставуваат изјава дека филмот е прикажуван по фестивали и дека истиот не остварил приход, без да доставаат извештаи и табеларни прикази во рок од 30 дена од усвојувањето на завршната сметка во претходната година со вкупно остварени приходи од дистрибуција, експлоатација и продажба на филмот во РСМ и во странство, како што е предвидено со член 28 од договорот;
- Агенцијата не извршила проверка и комплетирање на потребната документација ниту постапила согласно член 31 од ЗФД каде е наведено доколку филмскиот продуцент средствата во износот на дел од нето добивката не ги уплати на сметка на Агенцијата нема право да учествува на

конкурс во наредните десет години, а Агенцијата да го објави на веб страницата.

Наведенаите состојби во делот на комлетирање на документацијата за правото Агенцијата да оствари дел од нето добивката на филмскиот продуцент не е во согласност со член 17 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници има за ефект неостварен приход на Агенцијата од бруто добивката на филмскиот проект, со што се намалуваат средствата за финансирање на други проекти.

Во текот на 2022 година по издадена наредба од страна на директорот, службата за изготвување на решенија обезбеди податоци од Централен регистар, АЕК и Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги за правни лица кои вршат дејности од член 12 и пристапи кон ажурирање на нова база на правни лица кои реемитуваат програмски сервис, пристап до интернет, кинoприкажување, дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови.

Препорака

Одговорните лица на Агенцијата да ги преземат потребните активности за надминување на утврдените состојби и тоа:

- ажурирање на нова база на правни лица кои реемитуваат програмски сервис, пристап до интернет, кинoприкажување, дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови врз основа на обезбедените податоци од надлежните органи;
- да се воспостават контролни механизми и усогласувања за потврдување на целосноста на издадените решенија и следење на уплатите помеѓу службата за изготвување решенија и сметководството и да се преземат мерки за нивна редовна наплата;
- во решенија на правните лица кои вршат повеќе дејности како реемитувач на програмски сервис и пристап до интернет да се наведат поодделно по дејност и по пресметан износ;
- органот на управување да донесе акт во кој ќе биде дефинирана висината на уплатите за финансирање на проекти за долгометражен и краткометражен филм;
- по завршување на филмот Агенцијата да бара од сите продуценти по усвојување на завршната сметка во претходната година да доставуваат извештаи и табеларни прикази со вкупно остварени приходи од дистрибуција, експлоатација и продажба на филмот во РСМ и во странство;
- доколку се утврди дека филмскиот продуцент средствата за дел од нето добивката не ги уплати на сметка на Агенцијата, забраната за учество на конкурс да се објавува на веб страницата на Агенцијата.

## 3.3. Користење на средствата согласно законски прописи

3.3.1. Констатациите наведени од точка 4.4.1. до 4.4.4. од извештајот на Агенцијата за филм на РСМ – сметка на основен буџет (603), се однесуваат и за оваа сметка:

- склучениот меморандум за соработка, договорот за финансирање, доставните извештаи и финансиската документација од страна на друштвото, при што од оваа сметка исплатени се 360 илјади денари.
- ненаменското користење на средствата согласно договорите за финансирање на проекти во филмската дејност поради недостатоци во приложената документација од страна на продуцентските куќи и распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени во финансискиот план, при што од оваа сметка исплатени се 7.161 илјади денари

## Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, во точките 3.1 до 3.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- при објавување на конкурси за доделување на филмски проекти не се почитувани задолжителните услови и критериуми од ЗФД, ниту пак има донесено интерен акт-процедура со која ќе бидат утврдени сите активности и чекори кои се преземаат при спроведување на постапката по конкурсот;
- невоспоставени контроли во исполнувањето на условите од страна на продуцентските куќи пред склучување на договорите и во сите фази од реализацијата на договорите;
- неажурна евиденција на доделените проектите во сите фази на реализација и не преземени мерки за раскинување на доделените договори кај проекти кај кои е утврдено непочитување на одредбите од договорите;
- констатирани слабости во склучените договори со продуцентските куќи;
- нецелосен и несоодветно извршен попис на средствата и обврските согласно законските прописи и слабости во благајничкото работење;
- воспоставен начин на евидентирање на обврските по потпишување на преддоговор за финансирање на филмски проекти влијание на погрешно проценување на билансните позиции и прикажување на краткорочни финансиски обврските во поголем износ од 7.365 илјади денари;
- неможност за потврдување на вкупно наплатени, уплатени и евидентирани приходи за потврдување на целосноста на издадените решенија и следење на нивната наплата и непреземени активности за обезбедување на информации од продуцентите за вкупно остварени приходи од дистрибуција, експлоатација и продажба на филмот во РСМ и во странство;

- недоследности во доделените средства до Друштвото врз основа на меморандумот за соработка, договорот за финансирање и доставните извештаи и финансиска документација од страна на Друштвото;
- непотврдено наменско користење на средствата исплатени согласно договорите за финансирање на проекти во филмската дејност поради недостатоци во приложената документација од страна на продуцентските куќи и распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени во финансискиот план.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките, 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за филм на РСМ на ден 31 декември 2021 година како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за филм на РСМ не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Приходи | 3.1. | | |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 8.357 | 46.373 |
| Вкупно приходи | | 86.809 | 81.299 |
| Расходи | | | |
| Тековни расходи | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 108 | 1.862 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 6.034 | 6.378 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 63.450 | 64.703 |
| Вкупно тековни расходи | | 69.592 | 72.943 |
| Капитални расходи | 3.3. | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 29 | 0 |
| Вкупно капитални расходи | | 29 | 0 |
| Вкупно расходи | | 69.621 | 72.943 |
| Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување | 3.4. | 17.188 | 8.356 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | 3.1. | | |
| Парични средства | 3.1.1. | 17.155 | 8.357 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 3.1.2. | 112.531 | 146.964 |
| Побарувања од вработените | 3.1.3. | 501 | 302 |
| Активни временски разграничувања | 3.1.4. | 25.306 | 18.758 |
| Вкупно тековни средства | | 155.493 | 174.397 |
| Постојани средства | 3.2. | | |
| Нематеријални средства | 3.2.1. | 5 | 10 |
| Материјални средства | 3.2.2. | 303 | 334 |
| Вкупно постојани средства | | 308 | 344 |
| Вкупна актива | | 155.801 | 174.741 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | 3.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.3.1. | 216 | 215 |
| Краткорочни финансиски обврски | 3.3.2. | 25.065 | 18.525 |
| Обврски спрема државата и други институции | 3.3.3. | 2 | 18 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 3.3.4. | 24 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.3.5. | 130.186 | 155.639 |
| Вкупно тековни обврски | | 155.493 | 174.397 |
| Извори на средства | 3.4. | | |
| Извори на капитални средства | 3.4.1. | 308 | 344 |
| Вкупно извори на деловни средства | | 308 | 344 |
| Вкупна пасива | | 155.801 | 174.741 |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 344 | 344 |
| Зголемување по основ на: | 157 | 157 |
| Набавки | 29 | 29 |
| Ревалоризација на капитални средства | 128 | 128 |
| Намалување по основ на: | (193) | (193) |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | (93) | (93) |
| Амортизација | (100) | (100) |
| Состојба 31.12.2021 година | 308 | 308 |